Промоцијата беше организирана под отворено небо, во дворот на Машинскиот факултет. Свое обраќање имаа Деканот на факултетот Проф. д-р Атанас Кочов, Проректорот на УКИМ проф. д-р Коле Василевски, Подпретседателот на Инженерската институција на Македонија Проф. д-р Миле Станковски, Генералниот менаџер на компанијата ФАКОМ АД м-р Златко Симоновски и Проф. д-р Димитар Стамболиев. Сите говорници им изразија искрени честитки на успешното завршување на студиите и им посакаа успех во понатамошните животни предизвици.

На најдобро дипломираниот студент за 2010 година, Смилески Таско, со просечна оцена 10.00, Факултетот му додели пофалница и бесплатни последипломски студии. Од страна на Инженерската институција на Македонија му беше доделено признанието Инженерски прстен, а исто така доби награда од Фондацијата Проф. Стамболиев.

Факултетот додели пофалници за завршени студии со просечна оценка над 9.00 на уште 23 дипломирани студенти.

Во оваа прилика, компанијата ФАКОМ АД додели награда за најуспешна дипломска работа од областа на заварените конструкции.



Во рамките на овој настан се одржа и Отворен ден на Машинскиот факултет за сите матуранти - идни студенти на Факултетот. Тие имаа можност одблиску да се запознаат со наставните програми на Факултетот, студентските организации кои функционираат при истиот, како и со студентскиот живот на факултетот. Отворениот ден и промоцијата на дипломираните студенти заврши со забава со музичката група СУПЕРХИКС.

## ЛАБОРАТОРИЈА

Машинскиот факултет доби најсовремена лабораторија вредна 500 000 евра, за испитување на карактеристиките на материјалите за правење прототипови. Лабораторија со вакви машини нема во ниту една балканска земја. Со тоа се отвора можноста сите македонски компании наместо во странство, испитувањата да ги прават на Машинскиот факултет. Со новите машини студентите ќе можат од идеите да реализираат готови производи, а факултетот да аплицира за проекти од европските фондови.



## ПРОЕКТ MIRVAX

Во рамките на проектот MIRVAX, кој е дел од програмата SCIENCE FOR PEACE на НАТО, обновена е и унапредена постоечката мерна станица за квалитет на водата на реката Вардар, која се наоѓа во Демир Капија. Проектот го водат Градежен факултет од Аристотел универзитетот од Солун и Машинскиот факултет од УКИМ. Една од целите на проектот е и изградба е платформа за континуирано следење на квалитетот на водата, која функционира веќе 3 години. Во неколку наврати извршени се мерења по должината на Вардар со мобилна опрема.

## ЛЕТНА ШКОЛА

Во рамки на Темпус проектот Мастер-ПЛМ No.144959, во периодот од 12 до 17 јуни 2011 година, на Универзитетот во Сплит се реализираше Летна школа на тема: Product Lifecycle Management - Business Strategy and link to Sustainable Development. На летната школа учествуваа предавачи од високообразовни институции од Јапонија, Италија, Германија, Хрватска, Македонија и Србија. Машинскиот факултет - Скопје учествуваше со двајца предавачи, Проф. д-р А.Тунески и Вон. проф. д-р В. Гечевска. Летната школа ја посетуваа студенти од Италија, Хрватска, Србија и Македонија, при што учествуваа пет студенти од Машинскиот факултет во Скопје и се здобија со сертификати од Факултетот за електротехника, машинство и бродоградба при Универзитетот во Сплит.



## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец јуни 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Асс. м-р Бојан Јованоски заради учество во работата на летната школа организирана од Универзитетот во Сплит оствари престој на Универзитетот во Сандански, Р. Бугарија од 5-10 јуни 2011 година.
2. Вон. проф. д-р Виктор Гаврилоски, заради учество на меѓународна конференција оствари службено патување во Полска од 11-17 јуни 2011 година.
3. Доц. д-р Роза Ацеска заради учество на меѓународна конференција во рамките на билатерален проект со Универзитетот во Виена, оствари службено патување во Австрија од 7-22 јуни 2011 година.
4. Вон. проф. д-р Глигорче Вртаноски заради учество на меѓународната конференција организирана од Светската организација за интелектуална сопственост реализира службено патување во Азербејџан од 8-12 јуни 2011 година.
5. Вон. проф. д-р Атанас Кочов во рамки на активностите на Европската комисија зема учество на 94 состанок на Европскиот истражувачки центар кој се одржа во Романија 15 и 16 јуни 2011 година.
6. Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ во рамки на активностите предвидени со Темпус проектот оствари службено патување во Србија на 3 и 4 јуни 2011.
7. Доц. д-р Христијан Мицкоски во рамки на активностите предвидени со Темпус проектот оствари службено патување во Австрија од 9-16 јуни 2011 година.
8. Проф. д-р Зоран Пандилов заради реализирање на експериментални и научни истражувања оствари службено патување во Чешка од 13-26 јуни 2011 година.
9. Доц. д-р Емилија Целакоска заради учество на меѓународна конференција оствари службено патување во Бугарија од 8-10 јуни 2011 година.
10. Асс. м-р Александар Костиќ заради учество на меѓународна конференција оствари службено патување во Шпанија од 12-18 јуни 2011 година.
11. Со цел учество во работата на Летната школа организирана од Техничкиот факултет при Универзитетот Сплит која е во врска со реализацијата на Темпус МАС-ПЛМ проектот службено патување во Р.Хрватска од 12-19 јуни 2011 година оствaрија: вон. проф. д-р Валентина Гечевска, проф. д-р Атанаско Тунески и асс. м-р Бојан Д. Јованоски.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**02.08.2011**
**ДЕН НА РЕПУБЛИКАТА**

**23.08.2011**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**25.08.2011**
**34 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, јуни, број 102**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ПРОМОЦИЈА НА СТУДЕНТИ

На 17.06.2011 година Машинскиот факултет - Скопје изврши промоција на дипломираните студенти на додипломски и постдипломски студии за сите студенти кои ги завршиле своите студии во текот на 2010 година. Оваа година беа промовирани вкупно 304 студенти, од кои 20 на постдипломски, односно втор циклус на студии, 73 на VII-1 степен, 12 на VI-1 степен, 108 на академски студии, 68 на професионални студии и 23 на интердисциплинарните студии.

